ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 18.06.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за финансиски прашања**

Информација во врска со можноста за долгорочно задолжување на Општината со кредит до 25.000.000,оо денари, заради финансирање на проектот за Зелен пазар, а по комплетирањето на целокупната проектна документација од страна на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Информација во врска со парични средства префрлени од Јавното претпријатие за државни патишта на Општината, а кои ќе бидат искористени за финансирање на активности поврзани со оддржување на патна инфраструктура.

Информација во врска со регулирањето на должничко-доверителските односи помеѓу Општина Крива Паланка и ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Задолжение за подготовка на проект за тартан патека на градското игралиште.

Информација во врска со појавата на запишување на одводи за атмосферски води на определени локации во градското подрачје.

Информација во врска со активностите за оспособување на свлечиштето и поставување на габиони, како времено решавање на проблемот, како и да се прибават што поскоро мислењата од Градежниот факултет кои да бидат проследени до Министерството за транспорт и врски, ЈПДП и UNDP, со цел изнаоѓање на солуција за трајно решавање на овој сериозен проблем.

Информација во врска со активностите поврзани со тековното одржување и асфалтирање на улици и патишта.

Задолжение за поднесување на барање до Владата на РМ за прекатегоризација на патот Дубје – Лисец (Каврак) од локален во регионален пат.

Задолжение за чистење од вегетација на патот покрај граничната линија од Деве Баир до караулата Слатиње.

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со распишани тековни тендерски постапки.

Информација во врска со подготовката на материјалот за седница на Советот закажана за 25.06.2018 година.

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска тековни активности по барања од граѓаните, извршени увиди на лице место и достава на решенија за даноци на имот, која се реализира преку комуналните редари, вработени во ова одделение.

Информација во врска со опасноста од преливање на фекалните канализации поради нивно исполнување со атмосферски води, а поради немањето на одводи за атмосферски води и атмосферска канализација на определени локации во градското подрачје и изнаоѓање на решение за тековниот проблем.

Информација во врска со потребата од елаборат за утврдување на локациите за поставување на контејнери за отпад, а кој треба да биде изготвен од страна на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и задолжение до ова одделение за итно и неодложно постапување и подготовка на таков елаборат.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со тековни проблеми и активности, а кои се однесуваат на косење на вегетација, чистење на речното корито и локалните улици, собирање на смет и проблеми со излевање на фекална канализација.

Наметната е потребата од утврдување на точната локација и формата на фонтана која што ќе треба да биде поставена во рамки на просторното уредување со поставување на урбана опрема на локалитето Пенди Вир, за кое ЈП Комуналец ќе поднесе соодветно барање до надлежните одделенија.

Информација во врска со претстојн о потпишување на договори со избрани фирми за набавка на контејнери и пластични корпи за отпадоци и потребата од утврдување на локации за поставување на истите.

Задолжение за Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина во соработка со ЈП Комуналец да изврши изменување и дополнување на годишната програма за уредување на јавни површини со утврдување на сите локации кои ќе бидат уредувани и истите да бидат вметнати во самата програма.

Задолжение за чистење на вегетација и отстранување на оградата на паркинг просторот за MY MARKET.

Информација во врска со активностите околу подготовката и уредувањето на Градскиот базен за претстојната сезона.

Задолжение за отстранување на трупците во Градскиот Парк и нивна дислокација во пилана со цел да бидат искористени за изработка на граѓа.

Задолжение за отстранување на рекламните табли и паноа околу Градското игралиште и нивна дислокација во отпад за старо железо.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со остварени контакти заради уредување на датумот на одржување на претстојните состаноци кои треба да бидат одржани помеѓу претставници на оваа установа и претставници на Амбасадата на Кина и Амбасадата на Турција.

Информација во врска со објавата на јавен повик за откуп на публикации и творби издадени од страна на локални автори.

Задолжение за прецизирање на предлог програмата и календарот на активности поврзани со Кривопаланечкото културно лето и истите да бидат првично презентирани на следниот колегиум предвиден за 25.06.2018 година.

Задолжение за изготвување на Одлука за потврда на учество за проект на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка, која да биде ставена на дневен ред на наредната седница на Советот на Општина Крива Паланка

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**18.06.2018 година, Крива Паланка**